Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

# Извадок на дел од дневните настани 07.12.2024

На 06.12.2024 од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, по претходно добиена судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, бил извршен претрес во дом на Н.З.(40) од с.Бојане,скопско. При претресот се пронајдени и одземени 53 куршуми, дел од огнено оружје, две рачки од огнено оружје и други предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (07.12.2024) во 00.10 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.12.2024 во 20.45 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.В.(42) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.12.2024 во 20.20 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Н.Б.(29) од Скопје и И.Б.(22) од нас.Илинден, скопско, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (07.12.2024) во 05.11 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Прилепска" во Битола патничко возило „ауди" со битолски регистарски ознаки управувано од Т.Б.(19) од с.Крклино,битолско удрило во Б.В.(39) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Б.В., констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 06.12.2024 во 16.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„1" во с.Булачани,скопско се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „даеву матиз" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.М.(66) од Скопје, и патничко возило „шевролет авео" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Ц(30) од с.Црешево,скопско. Во несреќата возачот З.М. се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош каде околу 20.30 часот починал, а од страна на лекар констатирана била смрт. Со телесни повреди се здобиле Р.Ц., нејзината малолетна сопатничка и уште една сопатничка од возилото „даеву матиз" С.М.(61) од с.Булачани,скопско, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.12.2024 во 22.25 часот во Полициската станица Гази Баба, Н.Ј.(36) од с.Иниково, скопско пријавил дека на ул.„Сава Михајлов" во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 06.12.2024 во 18.10 часот во Полициска станица Гази Баба, К.Х.(79) од Скопје пријавил дека на ул.„Габреш" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 06.12.2024 во 18.45 часот во СВР Скопје, М.З.(22) од Прилеп, пријавила дека во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје била касната од куче скитник.

На 06.12.2024 во 15.05 часот во Полициска станица Гази Баба, М.Ш.(20) од Скопје пријавил дека на ул.„519" во н.Керамидница во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 06.12.2024 во 19.30 часот од страна на полициски службеници од ОВР Ресен и полициски службеници од СВР Битола бил лишен од слобода Е.А.(51) од с.Гричани, ресенско. По добиена наредба од Основен суд Битола, извршен е претрес во домот и помошни простории, сопственост на Е.А. во с. Гричани и при претресот биле пронајдени и одземени саксии со марихуана, кеси со марихуана, канабис, дробилка, различни предмети за одгледување на канабис... По документирање на настанот, против Е.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2024 во 19.50 часот, на улицата „Партизански бригади" во Струга, лишен од слобода е И.О.(18), а на службен разговор се повикани Р.С.(21) и Б.М.(18), сите од струшкото село Лабуништа. При преглед во возило „тојота" со дебарски регистарски ознаки, во кое тие се превезувале, полициските службеници кај И.О. пронајдоа и одзедоа марихуана. По целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2024 во 13.10 часот во Кичево, полициски службеници од СВР Охрид го лишија од слобода З.Т.(29) од Кичево. При претрес во неговиот дом, извршен по судска наредба, полициските службеници пронајдоа и одзедоа кеса со марихуана, пари и други предмети. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.12.2024 во период од 00.35 до 02.30 часот, полициски службеници од СВР Тетово и ПО Групчин извршиле акциска контрола во угостителски објект во с. Желино, каде била приведена Н.С.(26) од Украина, која го злоупотребила туристичкиот престој, односно престојувала спротивно на целта. Таа е задржана во полициска станица за понатамошна постапка.

На 06.12.2024 во 10.15 часот полициски службеници од СВР Тетово во кругот на фабрика во Тетово, го лишиле од слобода Ш.С.(24) од с.Требош, тетовско, поради основи на сомнение дека е извршител на кривично дело „кражба" на околу три тона котури со железо, кривично дело кое било пријавено истиот ден околу 08.55 часот од А.О., вработен во градежна компанија. Тој е задржан во СВР Тетово за расчистување на случајот и против него ќе следува соодветен поднесок.

На 06.12.2024 во 15.30 часот полициски службеници од СВР Тетово на улица ,,Штипска" во Тетово го лишиле од слобода Б.Ѳ.(37) од с. Горно Палчишта, поради основано сомнение дека е извршител на кривично дело „тешка кражба", извршено во текот на минатата недела во угостителски објект во с.Пирок, каде биле украдени пари. Тој е задржан во полициска станица за понатамошна постапка и против него ќе следува соодветен поднесок.

Дополнение извадок 07.12.2024

Денеска (07.12.2024) во 10.30 часот во СВР Скопје А.А.(44) од Скопје пријавил дека на 05.12.2024 околу 18.00 часот, на подрачјето на Центар, по претходно меѓусебно нетрпение бил физички нападнат од Б.Б.(61) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.12.2024 во 20.16 часот во СВР Скопје 57-годишен маж пријавил дека на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од неговиот син А.П.(33) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.12.2024 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.Ј.(46) и З.К.(41), двајцата од Скопје, кои биле вработени во објектот. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.12.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.С.(55) и С.П.(46), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.12.2024 во 12.00 часот во Полициската станица Кисела Вода М.А.(76) од Скопје пријавила дека нејзиниот сопруг Љ.А.(77) кој на 05.12.2024 беше пријавен дека се оддалечил од домот, се вратил.
На 06.12.2024 во 12.30 часот во СВР Скопје Н.Б.(34) од Скопје пријавил дека околу 12.00 часот на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.12.2024 во 19.40 часот во СВР Скопје 42- годишна жена пријавила дека околу 17.30 часот во тровски центар на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од поранешниот партнер Ѓ.С.(37) од с.Стајковци, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.12.2024 во 16.30 часот во СВР Скопје С.Н.(20) од с.Јурумлери, скопско пријавила дека околу 13.45 часот во н.Нова Колонија нејзината сосетка И.Ѓ. и се заканувала со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.12.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје, 52-годишна жена пријавила дека додека била на работното место и се јавил нејзиниот малолетен син и и рекол дека околу 19.00 часот во семејниот дом во скопско, бил физички нападнат од неговиот татко Љ.И.(48), кој му упатувал и закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.12.2024 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во периодот од 30.11.2024 до 06.12.2024 непознат сторител со употреба на физичка сила и погоден алат влегол во планинарскиот дом „Караџица" во с.Црвена Вода, скопско, и предизвикал пожар. Известен бил јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.12.2024 околу 11.15 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на подрачјето на општина Аеродром, настанал пожар во кујна од стан, сопственост на Б.Б.(39) од Скопје. Од Бригадата за противпожарна единица Скопје пожарот е изгаснат и повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.12.2024 околу 16.45 часот во СВР Скопје, од Поликлиника Чаир било пријавено дека кај нив без знаци на живот, било донесено десетмесечно бебе. Лекар констатирал смрт, без видливи траги на насилство. По наредба на јавен обвинител, телото на починатото бебе било дадено за одбукција.

На 06.12.2024 во 22.30 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Полициската станица Карпош го привеле А.Г.(47) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници, кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.12.2024 во 19.09 часот во Полициската станица Кочани, било пријавено дека во Кочани, по претходна вербална расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.М.(25) и М.М.(29) од една страна и Л.А.(32) од друга страна, сите од Кочани. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против М.А.(21) од Штип и К.Ѓ.(21) од Радовиш поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 03.12.2024, полициски службеници извршиле претрес во куќата на таткото на второпријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана, додека при претрес во стан во Радовиш биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.М.(30) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „спречување на докажување". На 02.12.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени кокаин и два мобилни телефони.

На 07.12.2024 во 01.55 часот во ОВР Крушево било пријавено дека во угостителски објект во Крушево настанала физичка пресметка помеѓу С.З.(52) и К.Т.(28), двајцата од Крушево, при што С.З. со остар предмет му нанел повреди на К.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 06.12.2024 во ОВР Кичево, С.Ѓ.(18) и Д.Ј.(61), двајцата од Кичево, пријавија дека, на улиците „Влашки пат" и „Борис Кидрич" во Кичево, биле каснати од куче скитник.

На 07.12.2024 во времето од 00.10 до 01.10 часот полициски службеници од СВР Струмица извршиле контрола на угостителски објекти на подрачје на Струмица. Притоа, во два угостителски објекти било констатирано присуство на малолетни лица после полноќ. Исто така, при контролата било констатирано дека во еден од објектите било точено алкохол на малолетни лица. По целосно документирање на случаите ќе бидат поднесени соодветни пријави.



Сеној упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет